ОПИСЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА

# Завршен годишен извештај за 2024 година

## Спроведени активности

***Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ – Република Македонија***

Ул. Коста Новаковиќ, 22а, Скопје

Тел/факс + 389 (0)2465 316
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

Скопје, април 2025

## СОДРЖИНА


**ВОВЕД**

1. **СЕРВИСИ ЗА ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК**
   - ***АЛО БУШАВКО - ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 070 390 632***
   - ***СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС/ПОДДРШКА ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ ДЕЦА***
2. **ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
3. **МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА**
4. **ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА**
5. **TOMAS - Кон усогласено законодавство против сексуална злоупотреба на деца преку интернет**
6. **MkSafeNet**
7. **УЧЕСТВА/ДЕТСКА НЕДЕЛА**


## ВОВЕД

Пред вас е организацискиот описен Годишен извештај за 2024 во кој и оваа година ќе забележите силни организациски напори да се влијае на подобрување на состојбата на децата и младите во Македонија. Минатата година беше исполнета со многубројни активности од кои на самиот почеток од овој извештај би го издвоиле учеството на Детската амбасада МЕЃАШИ во подготовката на новиот Национален акциски план за правата на децата (2024–2028), кој доаѓа по речиси една деценија откако претходниот план заврши во 2015 година. Во меѓувреме, иако се спроведуваа различни стратегии и програми поврзани со децата – заштита од насилство, правда за деца, поддршка за деца со попреченост – недостигаше севкупна и координирана рамка насочена кон унапредување на детските права. Во 2022 година, Комитетот за правата на детето на Обединетите нации изрази сериозна загриженост за состојбата со правата на децата во земјата и жалење што нема важечки акциски план. Тие ја повикаа државата да развие сеопфатна стратегија која ќе ги вклучува сите области на Конвенцијата за правата на детето, како и да обезбеди соодветни ресурси и учество на децата и граѓанските организации.

Процесот на подготовка на новиот Национален акциски план за правата на децата (НАП) започна во 2023 година, со активно учество на институции, граѓански организации и самите деца, а во него учествуваше и Првата детска амбасада во светот – МЕЃАШИ. Во ноември 2024 година беше презентиран нацрт-планот на петнаесеттиот пленарен состанок на Секторската работна група во Владата за областите образование, вработување и социјална политика. Планот предвидува формирање на Национална комисија за заштита на правата на децата, која ќе биде задолжена за координација на имплементацијата на НАП, но и за следење на спроведувањето на правата загарантирани со Конвенцијата за правата на детето.

Новиот НАП е стратешки, мултисекторски документ што ја претставува обновената политичка волја за

заштита на правата на децата и е поддржан од Европската Унија, во консултација со УНИЦЕФ. Целта е директно поврзување на меѓународните стандарди и препораки со потребите на децата во земјата, преку процесот на Европска гаранција за секое дете.

**Мисијата** на МЕЃАШИ е да ги застапува и заштитува правата на децата, да поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, да го зајакнува граѓанското движење за правата на децата и волонтерството, детското учество и да се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. МЕЃАШИ го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

**Визија**: Поправеден свет за секое дете

**Мото** на организацијата е *„Сите идеали на светот побезначајни се од солзите на едно дете*".

На поле на организацискиот развој и во 2024 е постигнат значаен напредок, што беше плод на заедничка работа на вработените, волонтерите/ките и членовите на Собранието кое воедно игра значајна улога во управувањето на организацијата. Во 2024 година Собранието се сретна двапати, додека поединечните консултативни средби со членовите се одржуваа во континуитет. За истакнување е и дека минатата година во организацијата ни се придружија уште три нови волонтери/ки, повеќето во работата на Ало Бушавко, а истите беа воведувани во работата и менторирани од стручни лица.

Детската амбасада МЕЃАШИ и во 2024 продолжи активно да ги следи случувањата во државата во поглед на потребите на децата и родителите и излегуваше во јавност со реакции и осуди кога имаше нарушувања на правата на децата. Своите ставови ги претставувавме преку социјалните мрежи и чести објави и настапи на националните и локалните медиуми.

**Организациски вредности**

Во 2024 година Детската амбасада МЕЃАШИ продолжи да ги негува вредностите на кои се темели работата на организацијата. Да потсетиме и овојпат на некои од нив:

**Мир и ненасилство.** Мир е активен концепт кој вклучува постојано делување, обновување на односи помеѓу спротивставени страни, воспоставување на општествен систем кој им служи на сите во заедницата, конструктивно (ненасилно) решавање на општествените конфликти итн. Ненасилството подразбира почитување на животот, активно и доследно залагање на ненасилни начини да се препознава и спречува насилството. За МЕЃАШИ мирот е поширок концепт од отсуство на војна или вооружени конфликти. Меѓаши работи на намалување на она што предизвикува, директно или индиректно, разни облици на неправди и насилство во општеството, ја негува моќта на соработката и ги зајакнува и поттикнува луѓето на дејствување.

**Партиципацијата** (учество, вклученост) подразбира децата и возрасните да имаат можност да учествуваат во одлучувањето за прашања кои се од нивен интерес. Децата имаат право да добијат поддршка за да учествуваат во одлучувањето. На ниво на организацијата, вклучувањето на децата во планирањето на работата и спроведувањето на активности е од клучно значење.

**Принципот на еднакви можности** значи дека сите деца треба да имаат еднаков пристап до придобивките од општествените, економските, политичките и техничко-технолошките промени и развој. МЕЃАШИ придонесува за создавање и подобрување на општествените механизми за обезбедување еднакви можности, без каква било дискриминација.

**Не постои проблем за кој не постои решение.** Иницијативноста подразбира да се согледаат тековните или предвидат идните предизвици и да се понуди одговор што предизвиците ќе ги престори во

можности. МЕЃАШИ знае дека може и дека нема невозможно. Нема страв, има храброст; нема чекање, има водство и креативност. МЕЃАШИ е истрајна организација со претприемачки дух и способност да преземе ризик.

**Партнерството** подразбира соработка заснована на заедништво, солидарност, взаемна почит и поддршка, споделување на целите и доверба. Големите општествени промени бараат заеднички ангажман на различни општествени чинители. МЕЃАШИ е подготвена да иницира сопствени и да поддржува иницијативи на други чинители кои целат кон подобрување на добробитта на децата. Во рамките на самата организација, партнерството е засновано на организациските вредности, професионалност и стремеж за личен и професионален развој и подразбира тимска работа.

**Волонтерството** подразбира поддршка на волонтирањето во активности за заштитата на правата на децата. Сите поединци и општествената заедница во целина имаат право, но и обврска да придонесуваат во заштитата и унапредувањето на правата на децата.

**Отчетноста и одговорноста** подразбираат можност за јавна проверка, отвореност на работењето и домаќинска грижа за сопствената општествена улога. МЕЃАШИ е пример за отчетна и одговорна организација, што ѝ дава кредибилитет на организацијата да ги унапредува овие вредности во општеството.

**Непартизираност.** МЕЃАШИ иницира, развива и предлага јавни политики во интерес на децата, но со своето работење не влијае на партиското определување на кое било лице во или надвор од организацијата и придонесува за намалување на дискриминацијата врз основа на партиската припадност. Затоа непартизираноста на една граѓанска организација означува и избегнување на директно и индиректно влијание на било кој/а од вработените во оперативната канцеларија во креирање на политики на организацијата под влијание на било која политичка партија. Непартизираноста на Меѓаши помага во иницирање, развивање и предлагање јавни политики во интерес на децата.

## 1. ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК

**Ало Бушавко - телефонска линија за поддршка на деца и млади 070 390 632**

**Траење**: од 1993 во континуитет

**Резиме на наодите од работата на СОС-телефонот во 2024 година**

Изминатата година, СОС линијата за деца и млади „Ало Бушавко" продолжи да биде гласот кој внимателно слуша, прегрнува со разбирање и дејствува со посветеност – тогаш кога на децата и младите најмногу им е потребна поддршка. Линијата не е само телефонски број – таа е симбол на доверба, безбедност и грижа во едно општество кое сè уште учи како навистина да ги слуша младите.

Преку 208 дојави и поддршка за 222 деца, тимот на „Ало Бушавко" се соочи со широк спектар на предизвици, сведочејќи за реалноста со која се соочуваат децата и младите во нашата земја. Иако бројките никогаш не ја доловуваат целосно тежината на човечкото искуство, тие говорат за длабоката потреба од постоење на вакви сервиси.

Најголемиот дел од дојавите беа поврзани со тешкотии од областа на менталното здравје – состојби кои се резултат на нарушени семејни односи, стрес, емоционално насилство, и други форми на повреди, односно според податоците за анализираниот едногодишен период, сите 222 деца опфатени со дојавите се соочувале со повеќе од еден проблем поврзан со менталното здравје. Оваа категорија сочинува 74,2% од вкупниот број на проблеми по категории.

Во рамки на категоријата „Ментално здравје", најчести подкатегории се:

- страв и вознемиреност (97 деца),
- проблеми со гневот (93 деца),
- загриженост за себе (79 деца).

Важно е да се истакне дека овие состојби често се јавуваат заедно, па многу деца пријавиле повеќе симптоми истовремено. Главни причини за ваквите психолошки тешкотии се нарушените односи меѓу родителите, особено по развод, несогласувањата околу контактите со детето или неостварените средби со родителот кој не е старател.

Ова се потврдува и преку категоријата „Семејни односи“, која е на четвртото место по број на дојави. Сите 17 случаи во оваа категорија се поврзани со нарушени односи со родителите, најчесто за време на или по разводот. Дополнително, проблемите произлегуваат и од нарушени меѓучовечки односи – како конфликти со врсници или тензии меѓу ученици и наставници.

На второ место по пријави, односно 16,8% од пријавените деца добиле поддршка и советодавни услуги во врска со насилство и занемарување, што спаѓа во категоријата „Повреда“. Најчеста подкатегорија тука е емоционалното насилство, со 30 пријави, а веднаш потоа следат занемарување на деца (21 случај) и физичко насилство (18 случаи).

Трета по зачестеност е категоријата поврзана со загрозување на правата на детето во образовниот систем, со застапеност од 2,6%. Од вкупно 18 пријави, 16 се однесуваат на проблеми со наставниот или стручниот кадар во училиштата.

Категории со најмал број пријави се:

- Семејни односи (2,5%),
- Дискриминација и исклучување (1,6%),
- Пристапност (1,2%),
- Сексуалност (0,4%),
- Исчезнати деца (0,4%),
- Физичко здравје (0%).




Проблеми според категории

СОС линијата не само што обезбедува поддршка и советување, туку и активно соработува со институции и организации за да обезбеди реална заштита на децата. Тимот, составен од психолози, педагози, социјални работници и психотерапевти, под супервизија, ја носи оваа мисија со длабока стручност и емпатија. Благодарение на интерсекторската соработка со Центрите за социјална работа, Народниот правобранител, училиштата, полицијата и невладини организации, преземени беа вкупно 291 конкретна активност – од препораки и директни интервенции, до упатувања кај соодветни институции.




Линијата ги опфаќа децата и младите од сите возрасни групи и различни етнички заедници, кои ѝ пристапуваат преку различни канали – телефон, е-пошта, социјални мрежи и други средства. Во својата суштина, „Ало Бушавко“ е простор без предрасуди, каде секое дете е прифатено и сослушано – без разлика на полот, возраста, етничката припадност, сексуалната ориентација или специфичните потреби.







Иако предизвиците остануваат големи, работата на „Ало Бушавко“ претставува конкретен чекор напред кон изградба на општество кое не само што зборува за правата на децата, туку и активно ги штити. Секој повик е сведоштво дека децата имаат што да кажат, и дека кога ќе се создаде безбедно место за слушање – тие тоа го препознаваат.

Во срцето на оваа мисија е вербата дека секое дете заслужува да расте во средина каде што ќе биде видено, чуено и поддржано. СОС линијата „Ало Бушавко“ останува доследна на својата заложба – да биде токму тој глас кој се јавува кога е најтешко, страна која сослушува, разбира и емпатизира.

Во текот на 2024 година, започнавме со активности фокусирани на темите за интернет безбедност и

сексуално вознемирување на интернет, имајќи предвид колку дигиталниот простор станува значаен дел од секојдневието на децата и младите. Со зголемување на пристапот до дигитални платформи, расте и ризикот од различни форми на злоупотреба, а токму затоа „Ало Бушавко“ се посвети на подигнување на свесноста за тоа што претставува вознемирување, како се препознава, и како децата можат да се заштитат.

Очекуваме дека со продолжување на овие едукативни активности, бројот на дојави поврзани со овие теми ќе расте – не затоа што проблемите се нови, туку затоа што децата сè повеќе знаат што е неприфатливо однесување и каде можат да се обратат за помош. Веруваме дека препознавањето е првиот чекор кон заштита, а „Ало Бушавко“ останува тука како сигурна точка за поддршка и пријавување.

**СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС/ПОДДРШКА ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ ДЕЦА**

**Траење: од 2000 година до 2024 година**



Во 2024 година по 24 години се затвори социјалниот сервис за поддршка на деца и семејства кои се во социјален ризик. Сервисот на годишно ниво снабдуваше над 100 деца. Голем број граѓан(к)и донираа облека од втора рака, обувки, играчки и останати потребни но сочувани работи, во просториите на Меѓаши. Децата и нивните родители кога имаа потреба од ваков вид помош доаѓаа во сервисот кој беше отворен секој работен ден од 9:00 до 13:00 часот, да подигнат тоа што им е потребно. Бурекџилницата Ваташа повеќе години секојдневно донираше храна за овие семејства. Благодариме од срце на сите кои придонесуваа изминативе 24 години бидејќи нивната добрина создава вистинска разлика во животите на многу деца и семејства. Иако сервисот повеќе нема да функционира, духот на заедништво и солидарност кој го изградивме заедно ќе продолжи да живее и да нè инспирира да се грижиме едни за други. Затоа, доколку во иднина се создадат услови, овој сервис ќе продолжи да функционира.

## 2. ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во време кога светот се соочува со бројни предизвици и конфликти, мировното образование има клучна улога во изградбата на праведно и инклузивно општество. Преку мировното образование, учениците не само што можат да го разберат комплексниот карактер на конфликтите, туку и

развиваат вештини за нивна ненасилна разработка, способности за ефективна комуникација и меѓукултурно разбирање. Учењето за мир ги поттикнува младите да ги препознаваат вредностите на соработката, почитувањето и прифаќањето на различностите, ги подготвува новите генерации да бидат активни, одговорни граѓани/граѓанки, кои придонесуваат кон создавање стабилно и праведно општество. Мировното образование промовира знаења, вештини и ставови кои можат да им помогнат на луѓето да ги трансформираат конфликтите на мирен начин, да градат поправедни општества, а во срединиите каде што живеат да создадат услови за позитивен мир.

Во текот на 2024 година програмата за мировно образование ја прошири мрежата на училишта со вклучување нови наставници од училиштата од целата земја. Така на пример, за време на посетата на Општина Куманово, во првиот квртал од 2024 година, секторот за образование при општината ги информираше сите директори и стручните служби на училиштата со цел да се добијат повеќе информации за програмата, а потоа беше потпишан и Меморандум за соработка со општината. На следните обуки учествуваа наставници од овие училишта, кои покажаа интерес.

Наставниците од повеќето училишта кои се вклучени во програмата споделија дека покрај примената на методологијата на мировно образование (МО) во редовните часови, тие исто така го вклучиле МО во нивната годишна училишна програма. Тие исто така споделуваа дека објавените модули се корисни и ги употребуваат во нивната секојдневна работа.

Мировното образование расте и има повеќе сојузници за градење на мирот благодарение на позитивните искуства кои наставниците ги споделуваат меѓусебно по присуствувањето на обуките и секако тука е важна соработката со Министерството за образование и наука и работата на Координативното тело, во кое членуваат претставници од МОН, БРО, ДПИ и Детската амбасада МЕЃАШИ.

Соработката продолжува и мрежата е изградена меѓу наставниците од различни училишта, градови и различни етнички групи. Самите наставници од различни училишта бараат поддршка кога им е потребно, особено кога се наоѓаат пред тешки предизвици во нивните училишта. Обуките организирани од страна на програмата за МО одиграа огромна улога во оваа промена, пристапот на МО и придобивките кои наставниците ги имаат при спроведувањето на методологијата за време на нивните часови.

Соработката со МОН преку членовите на Координативното тело, исто така, одигра значајна улога во целиот процес кон институционализација, но исто така и учеството на наставниците на обуките.

**Цел**

Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование (МО) во наставните курикулуми.

**Целна група**

Проектот најпрво се спроведуваше во 3 средни училишта во Скопје: СУГС "Никола Карев", СГГУГС „Здравко Цветковски" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов". Во текот на 2013 – 2024 програмата се прошири во над 40 училишта.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2011- 2027 година.

**Донатор:** Германското федерално Министерство за економска соработка и развој.

**Партнерска организација:** KURVE WUSTROW

**Реализирани активности**

Во текот на 2024 година беа организирани повеќе разновидни активности, пред се обуки за наставен кадар. Темите беа избирани врз основа на увидот на тимот за мировно образование за тоа што е потребно, но и според желбите и барањата на самиот наставен кадар.

За постојаниот интерес за програмата покажува и тоа што во текот на годината, наставниците и наставничките, како и раководните структури од повеќе училишта неколкупати бараа информации за одржување основен тренинг за градење мир и за можноста за вклучување на нови луѓе во програмата. Овие прашања најчесто беа поставени заради потребата од зајакнување на капацитетите на тимовите кои моментно работат во училиштата, или пак заради вклучување на нови членови.

**ОСНОВНА ОБУКА ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**06-09.03.2024**

Оваа обука беше продолжение на проширувањето на МО во училиштата. На обуката покрај наставниот кадар од училиштата во градовите каде МО е веќе присутно, присуствуваше и наставничка од Свети Николе и една од Битола, првпат од овие краишта. И двете споделија дека ова е одлично и корисно искуство кое ќе се применува во текот на нивната работа. Исто така, двајца учесници-членови на раководните структури во Средното хемиско училиште од Скопје присуствуваа на обуката и исто така споделија дека самото доживување на вежбите им помогнало повеќе да размислуваат и рефлектираат повеќе.

На обуката учествуваа наставнички и наставници од Свети Николе, Битола, Струга, Велес, Скопје и Куманово. Целта на тренингот беше да се запознаат со основните концепти за мировното образование, стекнување нови увиди и знаења, поттик за активно вклучување во Мировното образование, развивање на сензибилитетот за директно и структурно насилство, како и конструктивно справување со конфликтите со цел да се превенира насилството, во вид на ненасилна разработка на истите, особено во контекст на училиштата.

На последниот ден од оваа обука присуствуваа и членови од Координативното тело за МО од МОН. Целта беше претставниците од МОН и ДПИ да се запознаваат со професорите, да одговараат на прашањата поставени од професорите како и да ги информираат за важноста на соработката и нивната улога во Координативното тело.




**СОСТАНОК НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Во текот на 2024 година  се одржаа две работни средби на Координативното тело за мировно образование.  Првата на 8 до 10  февруари и втората 4 и 5 септември. Членови на Координативното тело за мировно образование се претставници од Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат и МЕЃАШИ. На дневен ред беа повеќе прашања, со посебен фокус кон подготовката и објавувањето на модулите за мировно образование и состојбите во образованието во Македонија. Претставниците на координативното тело освен на овие состаноци присуствуваа и на една базична обука за Мировно образование и Градење мир со цел да се запознаваат со професорите и да одговорат на прашањата поставени од наставниците, исто така учествуваа на  промоцијата на Модулите за мировно образование за средни училишта.




**ОСНОВНА ОБУКА ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**17-20.04.2024**

Програмата за Мировно образование при Првата детска амбасада- МЕЃАШИ, во периодот од 17 до 20 април, 2024 организираше базичен тренинг за наставнички/ци, како и за членови на стручните служби и раководството на средни и основни училишта од Скопје, Куманово, Штип, Свети Николе, Крушево, Прилеп и Битола. Дел од училиштата се вклучени во програмата, а дел се вклучија согласно состанокот со Министерот за образование и наука, до септември да има најмалку по еден наставник/чка вклучен/а во тренинзите на Програмата за мировно образование. Групата се состоеше од 22 учесници/чки. Тренингот беше конципиран и воден од тренерски тим во состав: Блерим Јашари, надворешен соработник, Гордана Пирковска Змијанац, Фатмире Ајдари и Драги Змијанац од Меѓаши. Во однос на програмата се работеше на следните теми: ненасилна комуникација, тимска работа и соработка, сензибилизација за различни видови на насилство, анализа на конфликти, предрасуди и дискриминација и мировно образование.



**ПРОМОЦИЈА НА МОДУЛИТЕ ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

11.06.2024

На 11-ти јуни се одржа промоција на објавените Модули за мировно образование за средните училишта (преведени на 7 јазици: македонски, албански, турски, англиски, ромски, српски и босански). Настан кој сите со нетрпение го чекавме. Модулите за Мировно образование за средно образование се напишани изминатава година со намера да се дисеминират во средните училишта во Северна Македонија како водич, прирачник за имплементација на методите за градење мир во формалната образовна структура. Многу средни училишта во земјата досега имаат најмалку еден наставник вклучен во Програмата за мировно образование.  Модулите  се објавени на веб-страницата на Министерството за образование и наука, и се достапни за преземање на сите 7 јазици. На самата промоција говорници и говорнички беа автори, претседателот на Меѓаши, наставници, ученици, членови на координативното тело на Министерството за образование и член на тимот на МО.



**НАПРЕДЕН ТРЕНИНГ ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И  МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

3-6.6.2024

Програмата за Мировно образование при Првата детска амбасада- МЕЃАШИ, во периодот од 03 до 06 јули, 2024 организираше напреден тренинг за наставнички/ци, како и за членови на стручните служби и раководството на средни и основни училишта од Скопје, Куманово, Штип, Струга, Прилеп и Крива Паланка. Групата се состоеше од 17 учесници/чки. Тренингот беше конципиран и воден од тренерски тим во состав: Љуан Имери и Сафет Балажи, надворешни соработнци, Фатмире Ајдари и Драги Змијанац од Меѓаши. Во однос на програмата се работеше на следните теми: тимска работа, предрасуди и дискриминација, родови улоги во општеството, идентитети, разбирање на конфликти и мировно образование.



**НАПРЕДЕН ТРЕНИНГ ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И  МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

21-24.8.2024

Програмата за Мировно образование при Првата детска амбасада- МЕЃАШИ, во периодот од 21 до 24 август 2024 организираше напреден тренинг за наставнички/ци, како и за членови на стручните служби и раководството на средни и основни училишта од Скопје, Куманово, Велес, Битола и Кичево. Групата се состоеше од 19 учесници/чки. Тренингот беше конципиран и воден од тренерски тим во состав: Ана Битољану, Љуан Имери, Драги Змијанац и Фатмире Ајдари, како и Гордана Пирковска Змијанац во организаторска улога. Во однос на програмата се работеше на следните теми: тимска работа, предрасуди и дискриминација, родови улоги во општеството, идентитети, разбирање на конфликти и мировно образование.



**СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ 2025-2027**

6-8.10.2024, Велес

Следниот 3-годишен проектен циклус беше стратешки работен со насоки на надворешниот олеснувач, придонеси од вклучените наставници на МО (два онлајн состаноци одржани претходно), членовите на Координативното тело (4 присутни), Регионалниот координатор за Западен Балкан, тимот на МО и претседателот на ПДАС Меѓаши. Поврзување со исходот 5; се дискутираше за поставување на систем за Мониторинг и евалуација.



**ОБУКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ**

14-16.11.2024, Струга

Од **14 до 16 ноември 2024** година тренерскиот тим составен од  Радмила Манчевска – психолог и психотерапевт од СОУ „Ванчо Прке“- Виница,  Шерузе Османи професор по ментално здравје на Тетовскиот Универзитет, Ана Попризова – училиштен психолог од СУГС Гимназија „Орце Николов“ Скопје и Драги Змијанац од Меѓаши, изготвија програма за унапредување на менталното здравје во училиштата, наменета за учесниците од програмата за Мировно образование. Во рамките на тренингот учествуваа 44 наставници и стручни соработници кои работеа во две групи по 22 учесници од предучилишни установи, основни и средни училишта како и преставници на МОН и ДПИ.  во програмата на тема: **Унапредување на менталното здравје во училиштата.** Опфатени беа следните теми: поим за ментално здравје, само-грижа, стрес, стресори и справување со стрес и  техники за релаксација, развојни карактеристики на адолесценцијата, справување со емоционални состојби кај учениците (тага, страв, лутина, бес, трема пред оценување и сл.), вклучување на родителите и заедницата во поддршка на менталното здравје на  учениците, психосоцијална поддршка во училиште.






**ОСНОВНА ОБУКА ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

25-28.12.2024, Охрид

Во периодот од 25 до 28 декември 2024 година, во рамките на Програмата за мировно образование, Првата детска амбасада МЕЃАШИ организираше базичен тренинг наменет за наставнички/ци и членови на стручните служби од основни и средни училишта од Скопје, Велес, Крушево, Маврово-Ростуше, Тетово, Гостивар и Берово. На обуката учествуваа 20 учеснички и учесници.

Тренингот опфати обработка на следните тематски области: ненасилна комуникација, тимска работа и соработка, сензибилизација за различни видови на насилство, анализа на конфликти, предрасуди и дискриминација и мировно образование.



## 3. МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА

Проектот „Место за растење: општини посветени на децата“ е 30 месечен проект спроведуван од Првата детска амбасада во светот Меѓаши и Центарот за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје, почнувајќи од февруари 2023 година до јули 2025 година. Општата цел на проектот е да се зајакнат заложбите на локалните власти за унапредување на правата на децата и учеството на децата во локалното планирање, во пет општини во Македонија: Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода.

Потребата за зајакнување на услугите за децата на локално ниво беа адресирани во последните Заклучни согледувања од Комитетот на ООН за правата на детето. Освен што недостигаше национален стратешки документ за унапредување и заштита на правата на децата, таков недостиг имаше и на локално ниво, односно во

ниту една општина не беше изработен локален акциски план за правата на децата. Проектот ги опфаќа токму овие критични прашања, а преку спроведените активности ќе им обезбеди на општините алатки за одржливост.

Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во рамки на локалните шеми за поддршка на граѓанското општество на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (2021 EIDHR Supporting a civil society through Country-Based Support Schemes in North Macedonia).

Во изминатите две години на спроведување на проектот беа:

- развиени и операционализирани локални стратегии за правата на децата - 5 локални самоуправи со развиени стратегии за детски права (Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода – Скопје);
- зајакнати капацитетите на истите општини, во областа на детските права и локалното планирање за деца;
- над 400 деца беа вклучени во активностите и консултирани за прашања од локално значење.

Во текот на втората година фокусот на проектните активности беше насочен кон подготовка на 5 стратешки планови за 5те таргетирани општини, со главна цел развивање на детското учество во локалните политики кои се од важност за нив, како што е донесувањето на стратешките планови.

**Локални Конференции**

Беа одржани пет локални конференции во секоја од целните општини. Учество земаа околу 250 учесници, претставници од образовни институции и локалната самоуправа, граѓански организации кои работат на правата на децата, истражувачи, групи на професионалци кои работат со деца, организации на родители, приватниот сектор, медиумите и самите деца. Локалните конференции меѓу другото имаа за цел и да ги инспирираат учесниците да развијат иницијативи посветени на децата во нивните заедници, охрабрувајќи ги да ги преземат своите визии и да ги спроведат своите планови на дело. Младите и децата презедоа значајни улоги како модератори, презентери и говорници за време на конференциите, соработувајќи со претставници од локалните власти, училиштата и граѓанскиот сектор за да ја замислат „мојата општина посветена на децата“ и исто така да побараат реализација на нивните барања.



15.05.2024 – Општина Дебар

*ЛОКАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА*



15.05.2024 – Општина Дебар

*ЛОКАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА*




22.05.2024 – Општина Кисела Вода



22.05.2024 – Општина Кисела Вода



23.05.2024 – Општина Гостивар, Центар за млади



23.05.2024 – Општина Гостивар, Центар за млади



29.05.2024 – Општина Велес, Европска Куќа



29.05.2024 – – Општина Велес, Европска Куќа




30.05.2024 – Општина Виница



30.05.2024 – Општина Виница

**Формирање локални панели за правата на децата и сесии за поддршка**

Општина посветена на децата претставува заедница која интересите на децата ги поставува на врвот на своите општински политики, создавајќи безбедни, инклузивни и одговорни средини за најмладите. Тоа е град или заедница каде што гласовите, потребите, приоритетите и правата на децата се составен дел на јавните политики, програми и одлуки. Оваа иницијатива ги почитува детските права, како што се утврдени во Конвенцијата за правата на детето и согласно домашното законодавство. Токму поради тоа беа формирани општинските панели.

Една од најзначајните активности во рамките на проектот „Место за растење- општини посветени на децата" е формирање посебно тело, за правата на децата, т.н. општински панели за правата на децата. Тие треба да се зацврстат како постојана структура во локалната самоуправа преку која се промовира и практикува перспективата на детето во процесот на остварување на надлежностите на општината. Воспоставување посебно тело ќе обезбеди структурирана и фокусирана работа поврзана со правата на децата и донесувањето на локалните стратешки планови. Ова тело ќе биде јадрото во кое ќе се слеваат сите податоци поврзани со применувањето на стандардите на Конвенцијата во рамките на општината. Во општинскиот пленум ќе бидат концентрирани човечките ресурси, информации и знаења поврзани со правата на децата, кои ќе произлезат од овој проект но и надвор од истиот.

Постоењето на пленумот ја изразува спремноста на општината да го издигне третманот на правата на децата на приоритетно ниво, и овозможува проблемите и потребите на децата да станат видливи и присутни во расправите на општината на организиран начин. Не помалку значајно е што со воспоставувањето на посебно тело се овозможува и препознавање кој е носител на активностите и одговорноста за придвижување на иницијативи и застапување на правата на децата. Во контекст на одржливоста, воспоставувањето на посебно тело дава гаранција за интересот и ангажманот на општината, обезбедува континуитет во плановите, програмите и активностите. За таа цел, овие претставници во текот на првата година од проектот беа обучени во областа на детските права заради стекнување соодветни знаења и вештини. Обуките опфатија теми како на пример: општи концепти за правата на децата, градови посветени на децата, детското учество, што значи суштинско детско учество во средина што тоа го поттикнува и овозможува, кои се етичките аспекти на детското учество, кои се методите и техниките за вклучување и консултација на децата при различни процеси на носење одлуки, која е улогата на локалната самоуправа при процесот на локално планирање, како на пр. да се земат предвид правата на децата и слични теми. На обуките особено внимание беше посветено на прашањата за надлежностите на општината кои што се директно поврзани со остварувањето, унапредувањето, практикувањето и заштитата на правата на децата, и тоа во областите на: образованието, урбанизмот; заштитата на животната средина; социјалната заштита; здравствената заштита и културата; спортските активности и рекреација како и комуналната сфера.

Локалните панели ќе бидат главниот столб во процесот на носење локални стратегии за унапредување на правата на децата, следење на спроведувањето на стратегиите како и спроведувањето на натамошните активности поврзани со овој проект. Членовите на општинските панели исто така ќе имаат клучна улога во обезбедувањето/унапредувањето на механизмите и системот, во локалната заедница, во кои детето ќе учествува рамноправно и ќе се слуша и почитува неговиот глас, имајќи ги предвид принципите од Конвенцијата за правата на детето: опстанок и развој, најдобар интерес на детето, недискриминација и партиципација (детско учество).

Ова тело ќе треба да оствари клучна улога и силно влијание во имплементирањето/обликувањето на локална средина/општина според потребите на децата и по завршувањето на проектот, да ја оствари самоодржливоста а тоа ќе го постигне доколку посвети внимание на повеќе прашања, меѓу кои и како се распределуваат средствата во општината (распределба на ресурсите); кое е нивото на свеста за детските права и нивното практикување и остварување; колку се достапни основните услуги за децата и со кој квалитет истите се остваруваат; постои ли институционална и правна рамка за заштита на правата на децата; каква е состојбата кон одредени групи деца, има ли дискриминација; колку на децата им се обезбедува простор и можности да учествуваат во донесувањето на одлуките; кои се групите и индивидуите кои го овозможуваат остварувањето на правата на децата, дали постојат групи и индивидуи кои го спречуваат, оневозможуваат итн.

Членовите на панелите во периодот септември - декември 2024 година учествуваа на интензивни обуки за детски права и детско учество како и меѓународна конференција која посебен акцент посвети на унапредувањето на правата на децата во три европски општини. Тие, членовите на панелите активно ќе учествуваат во процесот на изготвување на локалните стратегии за детски права, ќе бидат активно вклучени во консултативниот процес со децата во текот на изготвувањето на стратегиите а потоа и мониторирање на спроведувањето.

| *ОПШТИНА ДЕБАР* | |
|---|---|
| *Прва сесија на локалниот панел 16.05.2024* |  |
| *Втора сесија на локалниот панел  09.10.2024* |  |
| *Трета сесија на локалниот панел 10.12.2024* |  |
| *ОПШТИНА ГОСТИВАР* | |

| | |
|---|---|
| *Прва сесија на локалниот панел  23.05.2024* |  |
| *Втора сесија на локалниот панел  22.10.2024* |  |
| *Трета сесија на локалниот панел  10.12.2024* |  |
| *ОПШТИНА КИСЛЕА ВОДА* | |
| *Прва сесија на локалниот панел  22.05.2024* |  |

| | |
|---|---|
| *Втора сесија на локалниот панел     25.10.2024* |  |
| *Трета сесија на локалниот панел  02.12.2024* |  |
| *ОПШТИНА ВЕЛЕС* | |
| *Прва сесија на локалниот панел     29.05.2024* |  |
| *Втора сесија на локалниот панел     07.10.2024* |  |

| | |
|---|---|
| *Трета сесија на локалниот панел 12.12.2024* |  |
| *ОПШТИНА ВИНИЦА* | |
| *Прва сесија на локалниот панел 30.05.2024* |  |
| *Втора сесија на локалниот панел 15.10.2024* |  |
| *Трета сесија на локалниот панел 12.12.2024* |  |

**Консултации со деца**

Општата цел на проектот и организацијата на Консултациите со децата е изградба на општини погодни за децата значи создавање безбедни, инклузивни и одговорни градови и заедници на потребите на децата. „Општина/град погодна за децата“ е заедница или кој било систем на локална власт посветена на исполнување на правата на децата како што е артикулирано во Конвенцијата за правата на детето. Консултациите опфатија приближно 410 деца од 3 до 18 години, во сите 5 целни општини, а се одржаа во текот на втората половина на септември и во октомври 2024 година. Според партиципативна методологија соодветна за да се овозможи активен ангажман и учество на секое дете, овие консултациите директно ги информираат приоритетите поставени преку локалните стратегии во секоја од 5-те целни општини. Спроведени беа консултациите со децата, од 3 до 11 години во просториите на училиштата и градинките, а децата од 12 до 18 години директно учествуваа на консултациите организирани од локалната олеснувачи.

Консултациите со децата беа структурирани според следните 5 области:
- дискриминација
- детско учество и свесност за правата на децата
- основни социјални услуги, здравје, родителска грижа и квалитет на живот
- безбедна и чиста животна средина
- образование (училишна средина) безбедна и чиста животна средина, прашање за дискусија, спорт, култура и слободно време.

Некои од резултатите од консултациите со деца:
- Има дискриминација по различни основи, како и зголемена застапеност на малтретирање
- 38% од децата не се запознаени со сопствените детски права
- Хигиената во мојата општина и достапноста на здравствените услуги
- Проблемот со бездомните животни
- Почитување на сообраќајните знаци од страна на сите учесници во сообраќајот со цел зголемување на безбедноста, со соодветни казни за непочитување
- Соодветна средина за играње, паркови, зеленило, велосипедски патеки, забавни паркови и многу други предлози




07.10.2024 – Општина Велес



07.10.2024 – Општина Велес



09.10.2024 – Општина Дебар



09.10.2024 – Општина Дебар



15.10.2024 – Општина Виница



15.10.2024 – Општина Виница



22.10.2024 – Општина Гостивар



22.10.2024 – Општина Гостивар

Проектот е финансиран од Европската Унија

Период на имплементација: 01.02.2023 – 31.07.2025

Партнери на проектот: Прва детска амбасада во светот "Меѓаши" – водечки партнер

Центар за семејна и детска грижа КМОП Скопје – проектен партнер

## 4. ПРОЕКТ „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА"

Првата детска амбасада во светот Меѓаши и во 2024 продолжи како партнерска организација да биде дел од проектот “Промоција на безбедна училишна средина” и спроведување на активностите поврзани со остварување на предвидените проектни цели, проектна мисија и дејствува во унапредување на постоечките механизми и инструменти, вклучување на сите засегнати страни во процесот за создавање на училишна средина која ќе се дефинира како безбедна од страна на самите ученици.

Предвидената временска рамка за спроведување на активностите со времетраење од  3 години, каде завршен датум за спроведување на сите активности претставува август 2026 година.

Меѓаши со својата стручност, со сопствените капацитети и ресурсите кои ги има на располагање е очекувано својот допринос да го насочи кон развој на безбедната училишна средина во 50 проектни училишта, а и дополнително на национално ниво преку имплементација на принципите на:

- Ученичко учество
- Заштита на учениците преку превенција од појава на насилство

Поставените принципи врз кои се базираат проектните активности се утврдени од страна на проектниот конзорциум, проектните цели, како и проектните стратешките документи кои произлегуваат, а се во согласност со поставените визија, мисија и принципите на организациско ниво на Меѓаши.

Во текот на 2024 година, продолжи спроведување на одредени проектни активности каде во продолжение ќе биде даде даден, елабориран кратко осврт на процесот на спроведување.

Во првиот квартал од 2024 година, проектниот тим започна со имплементација на предвидените активности, што придонесе до унапредување на капацитетите на стручните служби во 25 училишта на територија на Македонија.  Проектниот тим во процесот обезбеди ангажман на две стручни лица, кои спроведоа обуки за стручниот кадар од основните и средни училишта како и обезбедија стручна литература, односно писмен материјал кој ќе послужи како поддршка за стручните тимови, служби во училиштето и родителите на учениците во градење на нивниот однос со своите деца преку примена на одредени техники, начини и методи, наведени во самиот материјал.

Во овој квартал, беше промовиран и писмениот материјал насловен „Водич за улогата на родителите во превенција и справување со насилството во училиштата” кој беше изработен во 2023 и има за цел да влијае како инструмент за поддршка, првично кон стручните тимови во училиштата, а последователно и кон самите родители во развојот, во градењето на нивниот однос со нивните деца - ученици преку претставување на одредени методи, техники и позитивни практични примери. Водичот дава поддршка кон креирање средина која е стимулативна за ученикот, односно која тргнува од неговите потреби. Со промоцијата, Водичот  беше ставен како ресурсен материјал во употреба на сите засегнати страни кои имаат потреба, преку пуштање во употреба на електронската верзија на веб сајтот на Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

**Медиумска кампања од учениците за учениците**

Првата Детска Амбасада во Светот Меѓаши во 2024 продолжи со спроведување на национална медиумска кампања насочена кон превенција од појавата и намалување на појавата на врсничко насилство во училиштата, наречена „Следна Станица“. Истата е најмногу застапена на социјалните мрежи на кои се најзастапени децата и младите, како Facebook и Instagram, но во рамки на активностите предвидени со кампањата вклучени се видеа и на социјалната мрежа TikTok. Временската рамка е со времетраење до јуни 2026 година, каде во согласност со потребите на самата медиумска кампања и во соработка со учениците и медиумската агенција, истата ќе биде адаптирана според барањата на учениците.

**Обуки за превенција и спречување на насилство во училиштата за стручни служби**

Во рамките на проектот за 2024 година, како дел од активностите беа насочени кон развој, унапредување на капацитетите и вештините кај стручните служби за вклучување на сите засегнати страни во намалување, спречување и превенција на насилството. Организираните обуки имаа за цел да ги унапредат вештините на стручните со/работници во вклучување, реализација и функционирање на постоечкиот “триаголник” на директно засегнати страни, училиште - родител - ученик кој ќе овозможи превентивно да се дејствува во создавање и градење на безбедна училишна средина за учениците.

За време на обуките кои беа спроведени во два циклуса, претставници од стручните служби имаа можност да се стекнат со знаења во однос на:

- Развој и спроведување на врсничка едукација насочена кон промоција на детското учество и
- Вклучување на родителите преку заеднички средби и комуникација поврзана со безбедната училишна средина

Присуство од страна на училиштата за време на спроведувањето броеше учество од вкупно 24 училишта, претставници од територија на целата држава и региони, каде беа вклучени 47 стручни со/работници.

Знаењата и вештините стекнати од страна на учесниците, поточно од страна на тимовите од стручните служби во училиштата ќе бидат насочени кон спроведување на активности во самите училишта, преку примена на детско учество и активно вклучување на родителите во спречување и превенција на врсничкото насилство.

**Врсничка едукација во проектните училишта**

Во 2024 година како активност започна и спроведување на врсничка едукација во првично 25 училишта низ сите плански региони. Врсничката едукација има за цел да го намали, спречи насилството во училиштата преку дејствување на меѓусебно, генерациски пристап кај учениците во градење на безбедна средина во согласност со создавање на заеднички позитивни вредности, меѓусебна само-поддршка и подигање на свеста за значењето на средина која ќе биде сигурна и безбедна за нив.

Преку спроведените обуки кои беа насочени за тимовите на стручните служби во училиштата, стручните со/работници во заедничка соработка и поддршка од проектниот тим на Прва детска амбасада во светот Меѓаши беа организирани и реализирани работилници каде ученици од секое училиште постанаа врснички едукатори. Околу 250 ученици

## 5. MkSafeNet

Проектот „Центар за безбеден интернет – *MkSafeNet*“ започна на 1 септември 2024 година и претставува национален одговор на недостатокот на воспоставен Центар за безбеден интернет (*Safety Internet Center-SIC*) во Македонија. Проектот е координиран од Министерството за дигитална трансформација, а се спроведува во конзорциум на организации од јавниот, граѓанскиот и приватниот сектор. Проектот е кофинансиран од Европската комисија преку Европската извршна агенција за здравје и дигитализација (*HaDEA*). Целта на проектот е да се воспостави основната инфраструктура за прв национален Центар за безбеден интернет, кој ќе ги обедини постоечките напори од јавниот и приватниот сектор и ќе создаде одржлив систем за поддршка, информирање и заштита на децата и младите во дигиталниот свет. Преку едукативни алатки, развој на платформи и поддршка за жртви на дигитално насилство, проектот има за цел да овозможи безбедно дигитално искуство за сите – деца, родители, наставници, старатели и други засегнати страни, со посебен фокус на ранливи групи.

Клучен аспект на овој проект е вклучувањето на АлоБушавко – линијата за деца и млади, која функционира како составен дел од структурата на Центарот за безбеден интернет. Центарот ќе биде организиран според моделот на *SIC* и ќе опфаќа три основни компоненти: линија за поддршка (*helpline*), односно АлоБушавко – линија за деца и млади, СОС линија (*hotline*) за пријавување нелегална содржина, и центар за подигнување на свесност за едукација и превенција.

Во првите шест месеци, се постигнати значајни резултати:

- Завршена е проценката на СОС линиите во земјата, врз основа на прашалници и интервјуа со националните линии, што придонесе кон развој на унифицирани насоки за постапување со случаи поврзани со *CSAM* (материјали со сексуална злоупотреба на деца).
- Се развива комуникациска стратегија за промоција и видливост на АлоБушавко линијата за деца и млади и проектот,
- Во соработка со Здружението Импетус и Министерството, се подготвува протокол за пријавување *CSAM*, со редовни состаноци и подготовка за пилот-тестирање.
- Отпочнаа активности за обезбедување на унифицираниот европски број 116111, во соработка со телекомуникациски оператори и во координација со Агенција за електронски комуникации (АЕК).
- Подготовката на извештаи за напредок, периодични податоци и вклучување во групата за рано предупредување е во тек.

Проектот MkSafeNet успешно напредува кон својата крајна цел – создавање на целосно функционален национален центар за безбеден интернет, кој ќе понуди не само помош и поддршка, туку и превенција, едукација и јакнење на сите чинители за безбедно користење на дигиталните технологии.

## 6. ТОМАС - Кон усогласено законодавство против сексуална злоупотреба на деца преку интернет

Во текот на 2024 година, онлајн сексуалното насилство врз децата и младите беше идентификувано како еден од најсериозните проблеми во Западен Балкан. Оваа година беше посветена на унапредување на политиките и законодавството за заштита на децата од сексуално насилство и експлоатација во согласност со законската легислатива на ЕУ.

Проектот ТОМАС обедини три партнерски организации: Центарот за исчезнати и злоупотребени деца – Србија, Центарот за правата на децата – Албанија и Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ – Македонија. Во соработка со Eurochild и со поддршка од SmartBalkans, главниот фокус беше насочен кон превенција, откривање и заштита од материјали за сексуална злоупотреба на деца (CSAM), унифицирање на националната легислатива со европските практики и создавање регионална мрежа за соработка.

**Кампања за превенција од CSAM**

Во текот на годината, МЕЃАШИ активно лобираше преку медиумите за зголемување на јавната свест за онлајн безбедноста и CSAM. Кампањата беше реализирана преку социјалните мрежи Facebook, Instagram, LinkedIn, и истата ќе продолжи до септември 2025 година.

**Водичи за застапување и лобирање**

Во четвртиот квартал од 2024 година, беа изработени два национални водичи за застапување и лобирање за идентификација и превенција од CSAM. Овие прирачници имаат цел да ги зајакнат националните капацитети согласно ЕУ легислативата.

**Работилница со деца и млади**

Детското учество е клучен аспект од работата на Меѓаши, каде што децата се охрабруваат да бидат активни учесници во процесите кои ги засегаат нивните права и благосостојба, токму затоа во рамки на проектните активности беше одржана работилница со деца/млади на тема: Идентификација и превенција од CSAM. Со учество на децата оваа работилница ги охрабри учесниците активно да дискутираат, идентификуваат фактори на ризик и да се ангажираат во создавање побезбедна дигитална иднина.

**Internet Safer Day 2024**

МЕЃАШИ го организираше „Меѓународниот ден за побезбеден интернет", кој обедини над 150 учесници – ученици, наставници, родители и институции – за активно да дискутираат за дигиталната безбедност и заштита од CSAM. Учесниците се вклучија во дискусии, анкети и видео презентации на тема дигитална безбедност, додека голем број ученици дадоа свој придонес преку снимени материјали на кои дискутираа околу интернет безбедноста. Настанот се пренесуваше во живо преку платформите на МЕЃАШИ и АлоБушавко.

**Тркалезна маса со стручни лица од Македонија и регионот**

На 12 и 13 декември 2024 година, во хотел Континентал во Скопје, беше одржан значаен настан со национални и регионални стручни лица. Дискусиите се фокусираа на унапредување на законодавството за превенција од CSAM, со цел обезбедување на безбедно дигитално опкружување за децата. Со поддршка од регионални стручни лица и организации од Македонија, Албанија и Србија вклучени во проектот, заеднички се залагаме за создавање на подобар систем за превенција и заштита на децата од CSAM на регионално ниво.

Годината 2024 претставуваше важен период за зајакнување на заштитата на децата од онлајн сексуална злоупотреба. Преку регионалните и национални активности, проектот ТОМАС постави основа за унифицирани законски решенија и создаде платформа за продолжување на овие напори во 2025 година.

## 7. УЧЕСТВА/ДЕТСКА НЕДЕЛА

Во 2024. Детската амбасада МЕЃАШИ продолжи да ја остварува својата дејност спроведувајќи мониторинг на детските права и промоција на правата на детето застапувајќи ги потребите и интересите на децата пред институциите и пошироката јавност, како и активности за институционализација на мировното образование во воспитно образовниот систем на Македонија.

Како учесници во подготовката на Стратегијата за заштита на децата од насилство и злоупотреба 2020-2024 изработена од Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и

занемарување, формирано со одлука од Владата а координирано од Министерството за труд и социјална политика, спроведуваме активности во насока на исполнување на стратешките цели на стратегијата.

**Одбележување на Светскиот ден на детето – Заштита и поддршка за секое дете**




П Повод Светскиот ден на детето, оваа година ја истакнавме нашата посветеност кон унапредување на правата, безбедноста и благосостојбата на секое дете. Во рамки на проектот *„Промоција на безбедна училишна средина"*, во партнерство со Македонски центар за граѓанско образование, Прва детска амбасада Меѓаши и SmartUp – Лабораторија за социјални иновации, а со финансиска поддршка од Детската фондација Песталоци, работевме на подобрување на условите во училиштата преку три главни приоритети:

1. **Зајакнување на детското учество**, преку подобра примена на постојната законска рамка и создавање простор за активно вклучување на учениците во носењето одлуки и нивна заштита;
2. **Создавање безбедна училишна средина**, преку јакнење на капацитетите на училиштата за спречување и справување со насилство;
3. **Промовирање на иновативно и инклузивно учење**, со цел секое дете да има еднакви можности за квалитетно образование и развој.

Покрај овие активности, во текот на целата 2024 година спроведовме и работилници за деца и млади, на кои беа запознаени со своите права и одговорности. Преку овие едукативни и интерактивни сесии опфативме над 500 деца од различни општини, со цел да ја зајакнеме нивната информираност, самодоверба и способност за активно учество во заедницата.

Овој ден го искористивме за да ја потсетиме јавноста на важноста од градење општество каде децата ќе растат во сигурна, поддржувачка и правична средина. Преку ваквите иницијативи, продолжуваме да ги застапуваме детските права и да работиме на тоа секое дете да го достигне својот целосен потенцијал.

Во таа насока потсетивме дека, како дел од постојаната поддршка, достапна е и детската и младинска СОС линија „Ало Бушавко" - 070 390 632, на Првата детска амбасада Меѓаши, која 24/7 им стои на располагање на децата и младите, обезбедувајќи поддршка, советување и интервенција кога е потребно.